27.10.2014
10 | 5194 | 1

# ИЗВЕШТАЈ

## од контролниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово, емитуван на 7 октомври 2014 година

***Предмет на надзорот:***

- **Член 99 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
  (во програмите за деца кои траат повеќе од 30 минути, без времето одвоено за рекламирање и телешопинг, може да се емитуваат рекламни и/или телешопинг спотови еднаш за секој период од 30 минути).

*На 29 август 2014 година, за непочитување на член 99 став 5 од Законот, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 4 август 2014 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на ТРД ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

***Констатации:***

Со контролниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово, емитуван на 7 октомври 2014 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), во целост постапил по решението, односно ја отстранил извршената повреда на член 99 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*27.10.2014 година*